РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-187/8
24.04.2025 година
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

## од двесте триесет и првата седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 19 март 2025 година

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ“ бр.129/2023 и 53/2024), на 19 март 2025 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте и триесет и првата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, Душица Димитриеска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, Башким Бесими, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу, член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорот на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија, откако го констатираше присуството на членовите на Управниот одбор во полн состав и на директорот на Академијата, пред да премине кон читање на предлог дневниот ред, согласно одлуката на Владата на РСМ за прогласување на седум дневна жалост поради несреќата во Кочани, побара едноминутно молчење со цел за одавање почит кон починатите и нивните семејства.

По едноминутниот молк, претседателот премина кон читање на предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Усвојување на Записник од 230-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Усвојување на Програма за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година.
3. Дополнување на листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители.
4. Усвојување на Годишен извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители за 2024 година.

5. Подготовка на предлог текст на Статут на Академијата за судии и јавни обвинители.

Разно.

Обвинителот Биковски истакна дека согласно заклучокот од минатата седница, подготовката на предлог Статут на Академијата одлучено е да се работи на посебна седница, па предложи да се повлече оваа точка и да се закаже посебна седница за подготовка на предлог Статут. Претседатолот го стави предлогот на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на УО. Така, усвоениот дневен ред на седницата беше следниот:

1. Усвојување на Записник од 230-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Усвојување на Програма за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година.
3. Дополнување на листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители.
4. Усвојување на Годишен извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители за 2024 година.
5. Разно

Се пристапи кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на Записникот од 230-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, по што за збор се јави јавен обвинител Златко Биковски кој посочи дека на третата страна од Записникот има техничка грешка и место Министерство за информации треба да стои Министерство за финансии. Со оглед на тоа што никој немаше дополнителни забелешки по однос на содржината на Записникот, претседателот на УО го стави на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Се премина кон **втората точка** на дневен ред - Усвојување на Програма за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година. За збор се јави Златко Биковски, член на УО, го изнесе своето мислење дека Програмата е добро осмислена, јасна и прецизна, но смета дека во делот кој се однесува на соработката со УНОДЦ со кој Академијата има два тековни проекти, нема потреба да стои реченицата дека „временската динамика на активностите од двата проекти со УНОДЦ ќе зависат од моменталната одлука на Вашингтон САД за стопирање на сите проекти финансисрани од нивна страна", од причина што тоа важи само за проекти на УСАИД, а овие проекти се проекти на ОН. Исто така јавен обвинител Спасенка Андонова, посочи дека има техничка грешка на страна 16, каде место Унгарија, треба да биде Романија. Со оглед на тоа дека никој друг немаше забелешки по

однос на содржината на Предлог програмата на Академијата за судии и јавни обввинители за 2025 година, претседателот ја стави на гласање и истата со предложените корекции беше едногласно усвоена.

Се премина кон **третата точка** на дневен ред - Дополнување на листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители.

Претседателот на Управниот одбор истакна дека материјалите се благовремено доставени до сите членови на Управниот одбор и дека сите имаат пред себе испечатени примероци, постави прашање дали некој има некаква забелешка и прашање по однос на дополнувањето на листата на предвачи. За збор се јави судија Беса Адеми, која посочи дека материјалите за оваа точка се добро подготвени, дека воочила дека се прифатини нејзините сугестии од минатото во однос на тоа дека без разлика на тоа што Програмскиот совет ги прегледува пријавите со документите по однос на исполнетост на условите од Законот за АСЈО и кратките биографии, сега и до УО се доставуваат кратките биографии, без разлика што голем дел од пријавите се од колеги кои ги познаваат. Откако претседатетелот на УО го констатираше дополнувањето на листата на предавачи, се премина кон следната точка од дневниот ред.

Наредна точка на дневен ред беше **точка четири** - Усвојување на Годишен извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители за 2024 година.

Со оглед на тоа дека немаше прашање и дискусија по однос на оваа точка, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање Годишниот извештај за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2024 година и истиот беше едногласно усвоен.

**Последната точка на дневен ред** беше точката Разно. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски.

Директорката на Академијата истакна дека под точката Разно согласно воспоставената пракса во материјалите се доставени исплатните ливчиња согласно учеството на седници изминатиот месец за период 01.02.2025 до 28.02.2025 година.

Директорката на Академијата исто така под точката Разно извести дека во текот на изминатиот ден пристигна одговор на дописот кој беше задолжена да го достави до Министрество за правда, во врска со номинирањето нов член во Програмски совет, кој се однесуваше на барањето до МП да постапи согласно член 23 од Законот за АСЈО.

Претседателот на УО, истакна дека видно од дописот, не е постапено согласно задолжението од минатата седница, односно дека само самиот кандидат може да се повлече како член на Програмскиот совет, па потоа министерот да номинира друг претставник од Министерството за правда.

За збор се јави Златко Биковски, член на УО, кој истакна дека би било прифатливо доколку во дописот стои напомена дека лицето кое се номинира ги исполнува условите предвидени во член 19 став 3 алинеја 3 од Законот за АСЈО, иако претпоставува дека министерот сигурно при номинирањето внимавал на тоа. Истакна дека, во секој случај, добро би било сепак истото да биде напоманто во дописот, не само поради Академијата туку и заради самото министерство, да не се појават шпекулации по медиуми и слично на што сме и сведоци во изминатиот период, од типот дека е избрано лице што не исполнува услови.

За збор се јави Радица Геровска Лазареска, член на УО кој истакна дека колегата кој е номиниран е на раководна позиција и дека пред вработувањето во Министерство за правда, имал сопствена адвокатска канцеларија од околу 15 години што се смета за раководно место, односно дека ги исполнува условите за разлика од претходно номинираниот член. Истакна дека смета дека нема потреба да се доставува документација, туку само потврда, односно напомена во самиот допис дека ги исполнува условите.

За збор се јави и судија Беса Адеми која укажа дека врз база на досегашното искуство, би дала сугестија, која ја давала и во минатото во претходнот состав на УО, секогаш да се доставуваат кратки биографии за сите лица кои УО ги назначува.

Исто така за збор се јави и м-р Антоанета Димовска, член на УО, дека во конкретниов случај лицето не се пријавува односно не конкурира сам, туку го номинира министер и тој стои зад тоа дека лицето кое конкурира ги исполнува условите, а сосема друго е кога лице самоиницијативно доставува пријава за предавач или слично, па треба да достави пропратни документи и кратки биографии со кои би го докажал исполнувањето на предвидените услови. Откако се исцрпи дискусијата Управниот одбор едногласно донесе:

**ЗАКЛУЧОК:** Академијата да достави уште еден допис до Министерството за правда на РСМ со кој ќе побара да се достави дополние на дописот во делот дека лицето ги исполнува законските услови.

Откако беше донесен горенаведениот Заклуок, во контекст на дискутираното, директорката на Академијата ги праша членовите на УО дали сметаат дека при именување или престанок на мандат на член во некое тело на АСЈО, е потребно УО да донесува формална одлука за тоа. Предлогот беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Во насока на изгласаното, директорката извести дека на заменик директорот му престанува мандатот на 31.03.2025 година, по што побара УО да донесе формална одлука за престанок на неговиот мандат, со цел да може да се извршат формалностите за негова одјава во Академијата, пријавување во Основниот суд во Дебар, како и Судскиот совет би можел да го прекине мирувањето на неговата судиска функција.

Претседателот на УО го стави предлогот за донесување на Одлука за престанок на мандатот на заменик директорот и едногласно беше донесена Одлука за престанок на мандатот на заменик директорот на Академијата за судии и јавни обвинители, поради истек на мандат, заклучно со 31.03.2025 година.

По донесување на одлуката, директорката ги извести членовите на УО, дека во Академијата пристигна Одлука од Советот на јавни обвинители за слободни јавнообвинителски места за 2026/2028 година, при што истакна дека чуствува обврска да ги извести членовите на УО дека заедно со претседателката на Советот на јавни обвинители на ден 13.03.2025 година присуствуваа на 19-ти состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност во Брисел, а на ден 14.03.2025 година и на билатерални состаноци. Истакна дека едно од прашањата на билатералните состаноци било и прашањето за непостигнувањето на договор помеѓу двата Совети за избор на судии и јавни обвинители од 8-та генерација во Академијата, согласно Одлуките на советите за 8-та генерација и согласно кои тогашниот УО на Академијата донел одлука за објавување на оглас за 8-ма генерација за слушатели во почетна обука за 50 судии и 47 јавни обвинители. Истакна дека Советот на јавни обвинители избра 28 јавни обвинители, Судскиот совет избра 49 судии, а сега Судскиот совет распиша втор оглас за избор на уште 35 судии. За подетално да ја појасни целата ситуација, даде збор на претседателката на Советот на јавни обвинители.

Во тој момент за збор се јави судија Беса Адеми, член на УО, која истакна дека со оглед на тоа што кај неа во однос на ова прашање постои состојба на судир на интерес, нема да учествува во дискусијата по однос на оваа точка.

Претседателката на Советот на јавни обвинители, Душица Димитриеска, член на УО, која објасни дека пред да бидат објавени огласи за 8-та генерација завршени кандидати од почетна обука, а имајќи го во предвид фактот дека тие истите се кандидати и за судии и за јавни обвинители, одржале координативен состанок со претседателот на Судскиот совет на РСМ. На одржаниот состанок било договорено да бидат објавени огласи за 50 судии и 47 јавни обвинители и да видат како ќе оди динамиката за избор, знаејќи дека наклонетоста на кандидатите е кон судската функција, што и се потврдило, па потоа да одржат средба и да објават втори огласи. По објавувањето на првите огласи Судскиот совет извршил избор на 49 судии, а Советот на јавни обвинители на 28 јавни обвинители. Понатаму, претседателката на СЈОРСМ, посочи дека без претходно да одржат втор

координативен состанок со претседателот на ССРСМ согласно договореното, имајќи го во предвид фактот дека кај Судски совет останало 1 непополнето место, а кај Советот на јавни обвинители 19 непополнети места, Судскиот совет објавил оглас за дополнителни 35 места за судии. Истата истакна дека Судскиот совет првенствено требало да си ја почитува својата проекција, а со тоа и одлуката на Управниот одбор на Академијата и да објави оглас за 1 преостанато слободно судиско место. Со ваквото објавување на оглас за 35 места за судии, исто така напомена дека се нарушува функционалноста на јавното обвинителство во целина, работата на Академијата и меѓу институционалната соработка меѓу двата совети, за што имаат и Меморандум за соработка и досега имале одлична соработка, која сега на некој начин се нарушува. Напомена дека се свесни за недостигот на судии, но дека постои и недостиг на јавни обвинители и не е во ред да се пополнуваат едните на сметка на другите, дека Академијата постои за целокупното правосудство и секогаш на овој начин се пополнувале бројките согласно проекциите. Истакна дека по вториот оглас на Судскиот совет, Советот на јавни обвинтиели одржал седница на која едногласно се договориле да имаат јавно обраќање на нивната web страна, обраќање до институциите: Академијата, Министерството за правда и Јавното обвинителство на РСМ и истото е направено. Исто така укажа дека за оваа ситуација во Брисел веќе биле известени од страна на претставниците на Rule of Law во земјата и кога на Поткомитетот и на билатералниот состанок била прашана во врска со ова прашање, потврдила за истото, без изнесување детали и без да ги критикува одликите на Судскиот совет, додека претставниците од Брисел биле непријатно изненадени. Истакна дека ако може да се изнајде некое решение и покрај објавениот оглас да се реши проблемот ќе се спречи и одлевање на јавни обвинители во судии. На крајот истакна деколку доколку не се почитуваат проекциите, Советот на јавно обвинители ќе ја повлече Одлуката за празни јавнообвинтелски места за 2026/2028, која ја доставил до Академијата.

За збор се Радица Геровска Лазареска, член на УО и предочи дека во Планот за раст и развој како држава сме се обврзале дека до месец април 2025 година ќе биде извршен избор на 50 судии и 47 јавни обвинители.

За збор се јави м-р Антоанета Димовска, член на УО и објасни во Судскиот совет многу се дискутирало по однос на огласот и дека на крајот преовладало мислењето дека истиот треба да се објави, како и дека тоа се случило како резултат на промената на Законот за Академијата и добивањето на дупли дипломи (за судии и јавни обвинители).

Душица Димитериеска член на УО, истакна дека и на состаноците за Реформската агенда, прашањата не биле дали се избрани судии и јавни обинители, туку дали се избрани 50 судии и 47 јавни обвинители. Воедно напомена дека и во минатото имало случаеви кога кандидатите имале дупли дипломи и не сакале да аплицираат за јавни обвинители, но Судскиот совет согласно проекциите не објавувал огласи за судии и истите аплицирале за јавни обвинители. Исто така

напомена дека на објавениот оглас имале пријавена судија од Основен суд Куманово, која се пријавила на оглас за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово, каде реално имале и потреба од јавен обвинтиел, но се воделе од тоа дека таа е вработена, дека првенствено треба да се пополнат местата со кандидатите од Академијата, но и дека ќе направат проблем на Судскиот совет. Исто така напомена дека неколегијалноста на Судскиот совет ја гледа и во тоа што и покрај тоа што има вкупно 20 кандидати од Академијата кои сеште не се избрани, Судскиот совет објавил оглас за 35, што може дополнително да го онеспособи јавното обвинителство, со пријавување на јавни обвинтиели за судии, бидејќи сигурно нема судии од основни судови да аплицираат повторно на огласи за основни судии.

Се разви дискусија помеѓу сите членови на УО, при што беше истакнато дека не сме сериозни како држава со ваквите постапки и дека треба како државба да престанеме да се доведуваме во ситуација Брисел да не опоменува, како и дека ова постапување е несериозно особено што за истото државата е обврзана со Развојната стратегија. Спасенка Андонова, член на УО се јави за збор и даде свое мислење дека за во иднина добро би било доколку се променат програмите, односно слушателите да поминуваат поделени програми едни за судии, други за јавни обвинители со цел да се избегнат вакви проблеми во иднина, при што се надоврзаа и другите членови, кои истакнаа дека мора да се преземе нешто со цел спречување на вакви несакани ситуации во иднина.

Јавен обвинител Златко Биковски, истакна дека според него, Управниот одбор треба да направи две работи: да се подготви едно писмено соопштение до јавноста со цел да се поддржи Советот на јавни обвинители и второ: УО да достави иницијатива до Министерството за правда за укажување на потребите од измени на Законот за Академија.

Радица Геровска Лазареска, укажа дека смета дека наместо јавно соопштение, поголем ефект ќе се постигне со директно обраќање до двата совети со допис, со кој, Академијата ќе го искаже своето очекување дека двата совети ќе ги почитуваат првично своите проекции и одлуки кои ги доставиле до Академијата за 8-та генерација, а со тоа и Одлуката на УО за бројот на слободни судиски и јавнообвинителски места, врз база на која и е објавен јавниот оглас. Со оглед на тоа дека присутните се согласија со овој предлог, претседателот на УО го стави на гласање предлогот на Радица Геровска Лазареска, Академијата да се обрати до двата Совети со допис со кои ќе го искаже очекувањето дека двата Совети ќе ги почитуваат своите проекции и одлуката за слободниот број судиски и јавнообвинителски места и истиот беше едногласно усвоен од сите членови кои учествуваат во дискусијата. Со оглед на тоа што во дискусиите сите истакнаа дека е потребно да се направат и измени во Законот за Академијата членовите на УО, едогласно донесоа:

**ЗАКЛУЧОК:** Академијата со дописи да се обрати до Судскиот совет на РСМ и Советот на јавни обвинители на РСМ во кои ќе го искаже очекувањето дека двата Совети ќе ги почитуваат своите проекции и одлуката за слободниот број судиски и јавнообвинителски места, како и со допис да се обрати до Министерството за правда на РСМ со иницијатива за измени во Законот за Академијата со цел да се спречат во иднина вакви или слични ситуации.

Директорката на Академијата ги информираше членовите на УО дека на состанокот во Брисел, особено биле заинтересирани за огласот за 9-та генерација и дека ги информирала дека Управниот одбор ја задолжил да се обрати до Министерството за финансии со цел да можат да донесат соодветна одлука. Воедно напомена дека Брисел, дал сугестија што побрзо да се донесе одлука по однос на огласот на 9-та генерација, дека тие не се мешаат во тоа каква ќе биде одлуката туку само дека е потребно истата да биде донесена што поскоро.

Исто така директорката на Академијата, ги информираше членовите на УО дека сеуште не е добиен одговор од Министерството за финансии за финансиска согласност за објавување на оглас за заменик директор и покрај тоа што од страна на СБС е доставена Ургенција до МФ. Директорката на Академијата ги праша членовите на УО дали да се пушти нова ургенција по однос на финансиската согласност за 9-та генерација и за заменик директор. Членовите на Управниот одбор дадоа предлог директорката да закаже средба со министерката за финансии на РСМ за двете финансиски согласности.

На крајот од дискусијата, директорката им предочи на членовите на УО, дека доколку пристигне финансиската согласност за објавување оглас за заменик директор, имајќи предвид дека барањето е пратено уште пред 3 месеци, ќе ги извести со цел одржување на кратка итна онлајн седница со цел да се утврди содржината на огласот, а дополнително ќе биде одржана редовна седница за што дополнително ќе биде договорен термин и навремено ќе им бидат доставени материјали.

Со оглед на тоа дека сите точки беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 231-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси